Согласно настанатата ситуација и моменталната вонредна состојба, општа препорака од надлежните институции е разните документи и периодичните извештаи да се доставуваат во електронска наместо во хартиена форма. Поради тоа Ви укажуваме на можности од Prima MEDICA кои може да Ви го олеснат функционирањето според новововедените правила.

## Упатство за зачувување на документи во Excel (.xls формат)

Во овој дел од упатството е прикажан начинот на зачувување на извештаите од социјална медицина за први и контролни прегледи како .xls документ.

Доколку сакаме да го зачуваме извештајот, од главното мени избираме **Извештаи/ За социјална медицина/ Извештаи за утврдени заболувања**. Се креираат извештаи за град, село и град и село за избраното тромесечје, потоа излегуваме од таа форма и пристапуваме повторно од главното мени во **Извештаи/ За социјална медицина/ Први и контролни прегледи**, го внесуваме избраниот период за кој сакаме да се прекаже извештајот и кликаме на копчето **Печати**. Се отвара preview формата на извештајот и во горниот лев агол се клика на копчето **Save report** (*Слика: 1*).




*Слика: 1*

Ви се прикажува дијалог прозорец за избор на која локација да се зачува извештајот. Ја избираме локацијата и во полето **File Name** го внесуваме името на документот, а од полето **Save as type:** од опаѓачкото мени избираме **Excel file OLE (*.xls)** и кликаме на копчето **Save** (*Слика: 2*).




*Слика: 2*

Потоа ни се отвара нов прозорец на кој што кликаме **ОК**. Со тоа извештајот е зачуван како excel документ на локацијата која сте ја избрале и истиот може да се испрати по електронска пошта таму каде што е потребно.

Оваа постапка важи за зачувување  и на други документи од програмата во .xls формат, особено извештаите за Социјална медицина.

# Упатство за зачувување на документи во .PDF формат

Во овој дел е прикажан начинот на зачувување на извештајот за социјална медицина во **PDF** формат.

Доколку сакаме да го зачуваме извештајот, од главното мени треба да избереме **Извештаи/ За социјална медицина/ Извештаи за утврдени заболувања**. Се креираат извештаи за град, село и град и село за избраното тромесечје, потоа се излегува од таа форма и пристапуваме повторно од главното мени во **Извештаи/ За социјална медицина/ Први и контролни прегледи**, го внесуваме избраниот период и кликаме на копчето **Печати**. Се отвара preview формата на извештајот и во горниот лев агол се клика на копчето **Print Report** (*Слика: 3*).




*Слика: 3*

Ви се појавува нов прозорец каде што во полето **Name** треба од опаѓачкото мени да изберете **Microsoft Print to PDF** и кликаме на копчето **OK** (*Слика: 4*).




*Слика: 4*

Потоа ви се појавува дијалог прозорецот за избор на локација каде да се зачува документот. Во **File name:** го внесувате името под кое ќе биде зачуван документот и кликаме на копчето **Save** (*Слика: 5*).




*Слика: 5*

Со тоа документот е зачуван во .pdf формат на избраната локација и може да се испрати електронски таму каде што е потребно.

Оваа постапка важи за зачувување за сите други документи од апликацијата ко иимаат моќност за преглед пред печатење, во PDF формат.

**НАПОМЕНА!** За користење на оваа функционалност верзијата на оперативниот систем на работната станица на која се користи Prima MEDICA треба да е најмалку Windows 7 или понов.